Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-154/5
Датум: 22-03-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 154/1 од 01.02.2024 година, поднесена од за сторена дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група, политичка припадност и попреченост во областа на социјална сигурност против Општина Крушево и градоначалникот на Општина Крушево, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 22.03.2024 година, го донесе следното

## **М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа припадност на маргинализирана група, политичка припадност и попреченост во областа на социјална сигурност од страна на Општина Крушево и градоначалникот на Општина Крушево кон

**НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на политичка припадност во областа на социјалната сигурност од страна на градоначалникот на Општина Крушево кон .

## **О б р а з л о ж е н и е**

На 01.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група, политичка припадност и попреченост во областа социјалната сигурност од страна на подносителот против Општина Крушево и градоначалникот на Општина Крушево.

Во претставката се наведува дека подносителот е „социјален случај" и дека во неговото семејство има двајца членови со попреченост. Подносителот наведува дека поради тоа што се наоѓа во тешка финансиска состојба, во неколку наврати поднел барање до Советот на Општина Крушево за еднократна парична помош. Воедно, истакнува дека се има обратено и до Кабинетот на градоначалникот на Општина Крушево. На таквите барања подносителот не добил никаков одговор и од таа причина се обратил директно до Кабинетот на градоначалникот. Подносителот наведува дека оттаму добил образложение дека вработените во Кабинетот имаат директна наредба да не ги примаат неговите барања. Подносителот појаснува дека по неколку недоразбирања со вработените во Кабинетот, излегол градоначалникот од неговиот кабинет. Во тој момент почнал да го навредува подносителот и му рекол: *„Дури сум јас градоначалник, ти никогаш нема да добиеш никаква еднократна помош, ниту од Кабинетот, ниту од*

*Советот на Општина Крушево, затоа што не си гласал за мене и мојата политичка партија."* Во продолжение, подносителот тврди дека откога конкретниот градоначалник е на функција, тој ниту еднаш не добил еднократна помош, иако, како што наведува, тоа го заслужувал. Подносителот поради тоа смета дека е дискриминиран од страна на Општина Крушево и градоначалникот на Општина Крушево.

Во прилог на претставката се доставени: Лекарски извештај за лицето Лекарски извештај за лицето и Информација за поштенска пратка.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 07.02.2024 година испрати Барање за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 - 154/2 и 08 – 154/3 до потенцијалните дискриминатори. Воедно, беа побаради и следните информации:

- Дали лицето има поднесено Барање за еднократна помош до Општина Крушево?;

- Доколку одговорот е позитивен, дали Општина Крушево има одговорено на таквото барање? И

- Дали на лицето му е одобрено користењето на еднократна помош и доколку не, која е причината за тоа?

На 04.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од Општина Крушево и градоначалникот на Општина Крушево.

Со поднесокот потврдуваат дека подносителот на претставката, има доставено барање за финансиска помош за лекување на неговите деца до Советот на Општина Крушево. Барањето било примено и архивирано под број 08 – 1088/1 од 20.10.2023 година.

Во прилог на поднесокот го доставиле барањето и пропратната документација.

Во поднесокот се истакнува дека подносителот во барањето единствено го навел неговиот ЕМГБ, но не ги доставил неговата лична карта и копија од трансакциска сметка. Појаснуваат дека лична карта е потребна заради потврда на веродостојноста на податоците од барањето, додека трансакциската сметка е потребна за да му се префрлат финансиските средства, доколку неговото барање биде прифатено. Наместо тоа, подносителот доставил копии од личните карти на неговите синови, и нивните трансакциски сметки и лекарски извештаи од матичен лекар.

Во поднесокот за произнесување се истакнува дека во претставката не е наведено против кого се поднесува и каде е направена дискриминацијата. Воедно, се негираат наводите од претставката со образложение дека не се точни наводите на подносителот дека повеќе пати се обратил до општината. Појаснуваат дека во текот на 2023 година подносителот доставил едно барање за финансиска помош, кое го доставуваат во прилог на поднесокот. За потврда на истото, предлагаат да се изврши увид во архивата на Општина Крушево. Воедно, тврдат дека не е возможно некој да достави барање во општината, а истото да не биде архивирано.

Се негираат и наводите дека градоначалникот на Општина Крушево не им исплаќал парична помош на синовите на подносителот на претставката. За потврда на истото, во прилог на поднесокот доставиле решенија за исплата на финансиски средства на и со бр. 09 – 757/1 од 02.07.2021 година и 09 – 754/1 од 02.07.2021 година. Дополнително, тврдат дека во нивната евиденција нема друго барање, на кое не било одговорено, без разлика дали позитивно или негативно.

Во однос на Барањето бр. 08 – 1088/1 од 20.10.2023 година, известуваат дека Советот го разлегувал на седницата одржана на 07.02.2024 година и донел Решение бр. 08 – 195/16 од 07.02.2024 година, со кое се прифаќа барањето за исплата на финансиски средства на Оттука тврдат дека и покрај тоа што подносителот – како барател не доставил податоци, Општина Крушево позитивно одговорила на барањето. Врз основа на таквата состојба, се појаснува дека општината имала можност да го одбие барањето, но од хумани причини и поради тешката материјална состојба на семејството, средствата биле доделени на еден од синовите на подносителот, за кој имале податоци.

Во врска со наводите од претставката за вербални навреди од страна на градоначалникот кон подносителот, во поднесокот се негираат конкретните тврдења. Се наведува дека во Општина Крушево се постапува еднакво кон сите граѓани, подеднакво се почитувани, примани на разговори, без разлика на нивната верска, национална, етничка и политичка припадност. Се истакнува дека градоначалникот го прима на разговор, секогаш кога му дозволуваат неговите службени обврски, односно секој работен ден, со и без најава и закажување. Дополнително, со поднесокот се истакнува дека подносителот на претставката нема ментална или телесна попреченост, за да биде дискриминиран по таа дискриминаторска основа. Од друга страна, во однос на политичката припадност, истакнуваат дека општината во контакт со граѓаните никогаш не обрнува внимание на нивното политичко уверување и припадност. Во однос на дискриминаторската основа – припадност на маргинализирана група, посочуваат дека имотната и социјалната состојба на подносителот не ја карактеризираат и идентификуваат со маргинализирање.

Барањето на подносителот било подоцна разгледано од неговото доставување поради тоа што истиот не доставил лична карта и трансакциска сметка. Се појаснува дека во повеќе наврати му било посочувано да ги достави, бидејќи тој се јавува како барател на финансиската помош. Воедно, известуваат дека финансиската помош се доделува

по доставено барање, но доделувањето и финансиските средства се зависни од предвидените средства во Буџетот на општината за конкретната намена.

Поради образложеното во поднесокот, Општина Крушево смета дека не постои основ за утврдување дискриминација.

Во прилог на поднесокот за произнесување по наводите од претставката доставиле: Решение за исплата на финансиски средства на со бр. 08 – 195/16 од 07.02.2024 година; Решение за исплата по барање бр. 03 – 736/1 од 28.06.2021 година на ; Решение за исплата по барање бр. 03 – 741/1 од 28.06.2021 година на арање со бр. 08 – 1088/1 од 20.10.2023 година од Лекарски извештај за и Лекарски извештај за .

Од утврдената фактичка состојба произлегува дека подносителот на претставката не го направил веројатно тврдењето за дискриминација. За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот на претставката кон потенцијалниот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **подносителот треба да докаже дека постои јасна причинско – последична врска помеѓу дискриминаторските основи и настанатата повреда**. Освен тоа, за да постои веројатност за дискриминација потребно е да постои и каузалност помеѓу понеповолно постапување и настанатата повреда, односно штета за подносителот, како и поврзаност помеѓу понеповолното постапување и дискриминаторската основа.

Во случајот **не е докажана врската помеѓу заштитните карактеристики на подносителот, наведени како дискриминаторски основи: политичка припадност, попреченост и припадност на маргинализирана група и наведената повреда - неиспаќање на финасиска помош**. Дотолку повеќе што, од утврдената фактичка состојба и приложените докази произлегува дека на Барањата на подносителот било одговорено, а била доделена и финансиска помош. Поради тоа, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не постои ниту повреда кон подносителот, односно штета предизвикана со постапување или непостапување на посочените дискриминатори.

Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не најде ниту вознемирување врз дискриминаторската основа – политичка припадност. Подносителот во претставката навел изјава на градоначалникот, која била насочена кон него. Меѓутоа, не е доставен доказ кој би можел да го потврди конкретното тврдење. Воедно, подносителот не навел податоци поврзани со неговата политичка припадност или уверување. Врз основа на тоа, наведената изјава не може да се квалификува како вознемирување врз дискриминаторска основа.

Поради тоа, Комисијата констатира дека не е исполнета ниту законската **дефиниција за вознемирување од член 10, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Заради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација и вознемирување врз основа на припадност на маргинализирана група, попреченост и политичка припадност во областа на социјалната сигурност од страна на Општина Крушево и градоначалникот на Општина Крушево кон

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- со живеалиште во
- Општина Крушево со седиште на ул. „Никола Ѓурковиќ" бр. 16 А, 7550 Крушево